**Важно соопштение за студентите во врска со заверување и запишување семестар**
**(објавено на 8.2.2022 г.)**

Почитувани колеги студенти,

Поради моментално многу лошиот здравствен билтен на директно болни од КОВИД-19 или заради нивен контакт со заразени, сите поврзани со студентската служба и со администрацијата, принудени сме на одредени промени во начинот на заверка на зимскиот семестар и запишување на летниот семестар од учебната 2021/2022 година.

Запишувањето летен семестар, како и вообичаено, ќе се врши електронски преку „iKnow“-системот и во материјална форма со тоа што по извршеното електронско запишување задолжително ќе треба да испратите е-допис во кој ќе биде наведено и приложено следното:
1. Име и презиме и број на досие,
2. Предмети коишто ги пријавувате за слушање во летниот семестар, и тоа:
   - задолжителни предмети кои ги презапишувате од претходен парен (летен) семестар,
   - изборни предмети кои ги презапишувате од претходен семестар,
   - задолжителни предмети кои ги запишувате од актуелен семестар,
   - изборни предмети кои ги запишувате за првпат од актуелниот семестар.
3. Фотографии/скенови од:
   - прва страница од индекс и сите досега запишани парни (летни) семестри,
   - потребните уплатници за запишување семестар (согласно со соопштението).

Потребните документи за заверка и запишување семестар во материјална форма ќе се доставуваат во службата за студентски прашања во периодот од 21.2.2022 до 28.2.2022 година. Доставувањето документи во материјална форма за заверка и запишување семестар после овој период ќе се смета за задоцнето запишување семестар и ќе биде соодветно санкционирано.

Електронскиот допис со наведената содржина испратете го на следните адреси на е-пошта (на сите три е-адреси):
petrova.sonja@yahoo.com
dejanilievski@sf.ukim.edu.mk
mihajlo.risteski@sf.ukim.edu.mk

За какви и да се дополнителни информации, можете да се обратите на следните контакти:
- Г-ѓа Соња Петрова: 071-307-784,
- Дипл. инж. Дејан Илиевски: 075-258-181.

Продекан за настава,

проф. д-р Панде Трајков